| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Водата извор на живот |
| **Содржина на денот** | Сликање мокро на мокро-истражувачка игра |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како може да го зачуваме нашето здравје- Да се храниме здраво, да спортуваме и шетаме на чист воздух, да пиеме многу вода. Исто така не смееме да заборавиме и на личната хигиена, рацете постојано мора да ги миеме најмалку 20 секунди ако сакаме да бидеме здрави (сл 1). |
| **Активности** | Активностите може да ги започнете со краток воведен разговор за водата и нејзините карактеристики.<br>Што претставува водата ( без вода нема живот), за нејзините својства ( течност без боја, вкус и мирис) сл. 2.<br>За да може детето полесно да ги разбере карактеристиките на водата можете заедно дома да направите неколку експерименти со водата.<br>Како на пример:<br>-Може да наполните пластични чашки со вода и да ги ставите во замрзнувач. ( Ова направете го претходниот ден заедно со Вашето дете)( сл. 3).<br>Кога ќе ги извадите пластичните чаши од замрзнувачот детето ќе забележи дека водата во чашите се претворила во мраз. Ако мразот го држиме во рака ќе почне да тече, да се топи, а ако мразот го ставиме во топла вода ќе го снема, односно ќе се стопи во водата. Од ова може да научиме дека водата освен во течна може да се најде во природата и во тврда состојба( сл 4). |

| | |
|---|---|
| | -Или едноставно наполнете неколку чаши со вода и во нив ставете неколку состојки ( сл. 5)- (во првата чаша ставете сол, или шеќер, во втората масло и боја, а во третата светки, копчиња или други пластични работи што ви се наоѓаат по дома. Измешајте ги убаво и оставете го детето да набљудува и забележува. Во некои од чашките состојките што ги ставивте внатре се растопиле (како шеќерот и солта) и не се забележуваат, во некои не се мешаат -како маслото, но може да забележиме дека бојата се растворила, а додека во чашата што ставивме пластични работи – тие не се мешаат, односно пливаат на површината на водата. ( сл. 6).<br>Игри има многу преку кои може да ги запознавате и учите својствата на водата.<br>Како активност предложете му на детето сликање мокро на мокро. За оваа активност ќе ви требаат листови од блок, сунѓер, сад со вода, темперни бои растворени во боја и четки за сликање (сл. 7).<br>Листот од блок поминете го со сунѓер натопен во вода, темперните бои растворете ги со вода и дајте му на детето да слика на тема што нему му се допаѓа. Како ќе слика така бојата ќе се разлева во разни насоки ( сл 8 сл. 9). Ќе добите прекрасна и интересна изработка (сл. 10). За да може детето да направи разлика може да му дадете да го наслика истиот цртеж, но сега на лист кој не е навлажнет со вода.<br>Кога ќе се исушат листовите детето може да ја забележи разликата.<br>Игри со вода и боја има многу, истражувајте, учете и забавувајте се заедно. |